# ЗАТОА ШТО ТЕ ЉУБАМ



# ЗАТОА ШТО ТЕ ЉУБАМ

„Објавувањето на оваа публикација беше поддржано од Екуменска иницијатива на жени од Омиш, Хрватска. Содржината на оваа публикација ги одразува само ставовите на ЕХО Едукативно хуманиратна организација Штип, и не мора да ги претставува официјалните ставови на ЕИЖ.“

# Содржина


Предговор ..... 5

Приказни ..... 7

Приказна 1 ..... 8

Приказна 2 ..... 12

Приказна 3 ..... 16

Приказна 4 ..... 20

Приказна 5 ..... 23

Приказна 6 ..... 26

Приказна 7 ..... 30

Творби од летна школа ..... 33

Асоцијации за љубов ..... 53

Мислев дека е љубов (Сведоштво) ..... 54

Приказни за промена ..... 59

Благодарност ..... 71

# ПРЕДГОВОР

*Затоа што те љубам* - проект спроведуван од ЕХО, Едукативно-хуманитарна организација од Штип, во период февруари - ноември 2023 година, поддржуван од Екуменска иницијатива на жени од Република Хрватска.

*Затоа што те љубам* – проект инспириран од најчувствителниот копнеж, водилката на животот, добротелот кој нѐ воскреснува – *љубовта.*

*Затоа што те љубам* – затоа што сакаме да ја споделиме љубовта, да се едуцираме, мотивираме, инспирираме и охрабриме од капацитетот на срцата човечки да љубат.

*Затоа што те љубам* – затоа што градиме врски чиј темел е љубовта, врски кои не толерираат насилство, туку врски кои лекуваат, обновуваат, облагородуваат.

*Затоа што те љубам* – летна школа за млади тинејџери кои своите таленти ги споделија несебично за целите на проектов и ги родија страниците кои следат.

Уживајте...

# ПРИКАЗНИ

# ПРИКАЗНА 1

*Губитник си!* – извика девојката, превртувајќи со очите, откако партнерот ѝ кажа дека денес добил критика на работа бидејќи некоја задача не завршил успешно. Тој работеше неколку години во пекарата на татко му, но кога влезе во врска со девојка чии родители се доктори на науки, неговите амбиции присилено почнаа да се менуваат и мораше да се вработи во фирма, која според мислењето на неговата девојка, беше најреномираната што постои. Целата заштеда ја троши на тоа да ѝ купува скапи материјални подароци за да добие убав збор од нејзе. Бакнеж или прегратка беше дури и во таквите ситуации незамисливо. Минуваа по час, два, еднаш во седмицата заедно и воглавно тоа беа часовите каде таа фрустрациите од нејзините соклaсници ги излеваше над него. Одеднаш ќе почнеше да го навредува за неговата ниска репутација, начинот на кој зборува срамежливо и кога од возбуда ги мешаше зборовите. Начинот на кој се облекува, исто така, беше критикуван како евтин и вон тренд од нејзина страна, а многупати ќе му замереше за килограмите затоа што тоа што бил послаб од нејзе, правело таа да се чувствува дебела, а во нејзините замисли таа го има совршеното тело.

Тој често се прашуваше што бара девојка како нејзе во врска со него, но се радуваше на помислата дека слаткото девојче од детството кое понекогаш ќе го видеше како си игра во соседниот двор додека тој беше на гости кај баба му, му ја дари привилегијата да биде негова. Но дали навистина беше? Времето минуваше и прашањето доби нов облик. Што барам јас со нејзе? Овде сум да ја ислушам за нејзините проблеми, да ја послушам за проблемите кои ги посочува кон мене. Заради нејзе, татко ми работи сам во пекарата, а јас се мачам сврзувајќи крај со крај со платата која ја добивам работејќи во кругови во кои не сакам ни во моите помисли да сум. Од сите фирми на кои бев на интервју, онаа која ми е омилена, за нејзе беше „простичка", а тој збор го научив од нејзе бидејќи постојано ми се обраќа така, па така морав да заглавам со договор од една година во фирма чие окружување ме измачува психички. Зошто се надевам дека менувајќи се од корен самиот себе, ќе ја научам да ме сака? Таа очигледно не ме сака мене, туку идеал кој си го осмислила фантазирајќи или уште пострашно, идеал кој го гледа во некој друг кој не може да го има. Мислам дека треба да ставам крај на ова.

Следната средба, тој си замина од клупата, во паркот во којшто седеа, охрабрен дека ја донел вистинската одлука со тоа што стави крај на она кое од самиот почеток не функционираше. А таа? Таа беше бесна, исфрустрирана и гнев ѝ струеше низ порите на телото, ама не затоа што веќе е без него, туку затоа што тој, за нејзе „простак“, се дрзнал да ѝ раскине нејзе, небаре таа поседува некаков недостаток.

*Честитки!* – извика од радост неговата нова девојка кога тој ја извести дека денес, официјално, му заврши договорот и можеше да даде отказ од фирмата, во која беше заробен претходната година. *Свесна сум за твоите способности и дека можеш да успееш на секое професионално поле, но те мотивирам, со мојата искрена љубов кон тебе, да се насочиш кон она во кое навистина уживаш да го правиш, она што ќе те исполнува и прави најсреќен.* Солзи му навреа на очите, гледајќи во нејзиното слатко лице и мислејќи дека таа е она во коешто тој ужива најмногу и го прави најсреќен и исполнет вистински. Држејќи ја цврсто за рака, ја повлече во својата прегратка и со насмевка, преку шала, ѝ кажа дека одвај чека да го соблече костимот кој го поти и прави робот и да се врати на неговиот природен стил на облекување кој за неа и тоа како беше модерен.



# ПРИКАЗНА 2

14 февруари – денот на вљубените. Срцето толку силно ѝ чукаше преку целата ноќ што не се ни отспа доволно. Но, не беше важно спиењето сега. Утре ќе се наспие. Денес е ден за уживање. Ден кој го следи неопислива возбуда. Ден кој ќе ја запечати уште еднаш љубовта меѓу нејзе и нејзиниот најзгоден дечко, оној по кој лудува цела гимназија, но, сепак, оној кој ја избра само нејзе. Срцето ѝ чукаше во текот на целиот ден побрзо и од срцето на исплашено зајче. Шеташе низ цела куќа и кога и да поминеше покрај некој прозорец ќе ѕирнеше преку стаклото, со надеж дека тој доаѓа. Не мора да дојде со букет рози, чоколада или некој подарок, доволно ѝ е само неговото магично присуство за таа да го има најубавиот „Валентајн“ во животот. Телефонот ѝ беше во рака постојано. Чекаше убава порака, слова извезени со љубов од нејзиниот најмил кои ќе ѝ ги насолзат очите, но ќе ѝ ја развеселат душата, ќе ѝ го насмевнат срцето.

Солзите почнаа да надоаѓаат, но нејзината душа почна да се распаѓа од тага. Срцето, пак, во него еден горчлив корен се зачна. Корен чие семе се именува неверство. Гневот ѝ ги замрачи претходно убавите и чисти очи. Дланките ѝ се тресеа и со силата која се добива во моментите кога се кршиме од болка, го фрли телефонот далеку од себе. Липаше посилно од кога било. А што ѝ остана после таа фотографија? Фотографија на која го виде нејзиниот дечко со друга девојка. Фотографија на која се прегрнуваат и си посакуваат *среќен ден на вљубените*. Фотографија обоена во црвено. Фотографија на која сите читаа дека пишува љубов, а таа го прочита гревот прељуба.

15 јули – не ѝ е роденден, ниту пак е некаков празник. Срцето ѝ чукаше ритмички, а сонот беше предобар. Се чувствуваше одморено. Му пиша *добро утро* на нејзиниот сакан и отиде да се разлади во тоалетот пред да се симне по скалите во кујната. Додека го правеше својот омилен доручек, некој заѕвони на вратата. Отвори и не можеше да го види ликот на човекот кој во своите закрила држеше букет рози, бонбоњера во форма на срце и едно љубовно писмо запечатено со симболот на љубовта.

Зад букетот не беше никој друг освен поштарот кој изговори: *за вас госпоѓице*, но во писмото, со секое прочитано слово, со секој нов прочитан ред воскреснуваше нејзиниот љубен кој сакал да ја прошета денес во годините наназад и да ја потсети колку се благословени што можат преку социјалните мрежи да контактираат постојано и да се гледаат во секој момент во кој ќе посакаат. Писмото завршуваше: *Одиме вечер на кино и пуканки, единствена убавице.*

*П.С. Добро, штом толку сакаш ќе јадеме и сладолет.*


AHH!

# ПРИКАЗНА 3

**Кулминараше вечерта кога го укорив зошто времето го минува на телефон наместо во разговор со мене, која бев покрај него...**

Денес пак се караа. Расправиите од средба на средба сè повеќе се зачестуваа. *Сè му пречи на господинот* – ќе префрлеше таа. Почна да се чувствува осамена. Ќе ја повикаше да излезат и ќе прошетаа малку, па ќе седнеа во некое кафуле со неговите другари, па пак ќе прошетаа. И циклусот се повторуваше секоја недела. Понекогаш мислеше дека тој излегува со неа само затоа што сите негови другари имаат девојки и дека таа повеќе му е должност и фалба, отколку сакана. Кога беа со други, речиси не ѝ обрнуваше внимание. Таа ќе го прашаше нешто и прашањето ќе останеше во воздух запечатено со „игнор“. Потоа додека шетаа, најчесто молчеа, а во последно време тој ќе го извадеше телефонот и ќе почнеше да праќа шали во групата со неговите пријатели или да следи резултати на некои спортски натпревари.

Една вечер, нејзиниот балон на толеранција се боцна на острият израз на неговото лице и таа не можеше да издржи, а да не му извика да го остави телефонот веднаш. Гласот ѝ беше напукнат и исфрустриран, а очите намуртени и тажни. Тој само ја погледна презриво и ладнокрвно, а неговиот израз ја укоруваше: *Што се замислуваш дека си, па ми врескаш како луда, типична жена? Знај си го местото оти не сакаш јас да те потсетувам каде треба да си седиш* – рече најгрубо што можеше.

Таа веќе не го познаваше. Само размислуваше. Ако денес вака грубо ѝ возврати на нејзината забелешка, која беше сосема на место со цел да им заживее врската повторно и да потече кон поубав тек, што ќе ѝ стори утре? Денес беше неговиот груб глас оној кој го почувствува на своето битие, но дали утре ќе ја почувствува неговата груба рака. Тие презриви очи често оцртуваа бес во последно време. Речиси на секој нејзин збор или постапка, ќе ја погледнеше застрашувачки и или ќе ја игнорираше или ќе ја укореше ладнокрво. Ова почна да ја плаши. Растојанието меѓу нив се зголемуваше секојдневно и неговите раце повеќе не беа сигурна закрила.

На ова мораше да се стави крај пред да биде доцна. Сепак, крајот задоцни. Се излажа и му даде неколку шанси, а нејзините сомнежи станаа реалност – тој почна да крева рака на нејзе доколку таа изустеше нешто што не му беше по волја. Сепак, одлучи да биде храбра девојка и да му се спротистави. После неколку недели од првиот удар и со помош на блиските сакани, успеа да стави точка на токсичната врска. За некој да ја погали со дланките повторно, да ја земе в прегракi или да ја бакне, ѝ требаше неколку години да допушти и да стекне доверба, но накрај дојде и тој ден и се заштити во некој кој навистина ѝ покажа што значи да љубиш



# ПРИКАЗНА 4

**Подобро сам, отколку во токсична врска.**

**Подобро сам, отколку во врска во која се толерира каков било облик на насилство.**

Тешко е да се одолее на искушението да не се чувствуваш осамен, гледајќи ги најблиските пријатели како уживаат во нивните љубовни врски. Живееме во време каде љубовта е тренд и нешто што задолжително треба да се поседува, но време кое, за жал, не нѐ учи дека ваквиот поглед кон љубовта е пластично доловување на највеличествената добродетелка, нејзино омаловажување и уништување. Во ред е да си сам и да не си во некаква нездрава интимна врска само поради тоа што сите околу тебе се. И не само што е во ред, туку посакувано е.

Љубовта е величествена сила со која не треба да се коцкаме. Експериментирајќи постојано со различни партнери, ние си лупиме од нашиот капацитет да љубиме. Се изложуваме на болки и повреди, раскинувања кои вродуваат со недоверба, изневерувања и осамености поголеми од претходно. Нашите срца се навистина способни многу да љубат. Не вреди да си го уништуваме тој капацитет со болни експерименти.

Нашата порака не е да не влегуваме во врски од страв дека ќе бидеме повредени, нашата порака е да работиме на себе, да се изградиме во вистински личности кои ќе наидат на личности слични на себе, личности кои никогаш не би повределе. Нашата порака е да се чека на вистинскиот партнер и одлуките што ги донесуваме денес да ги гледаме низ призмата на иднината. Библизам е дека *човекот не е добро да биде сам* и ние се повикуваме на овој библизам. Веруваме дека работејќи на себе, градејќи се самите себе во морални личности, чувајќи се себеси чисти од валканиот свет, еден ден ќе наидеме на вистинската личност која ќе ни го понуди тоа што ѝ го нудиме и ние нејзе.

Совршена половина постои ли? Совршена половина се создава. Ама немаме право да бараме совршена половина доколку самите ние не сме или доколку не сакаме да се менуваме за некого. Се прашувате каков партнер сакате? Физички? Карактерно уште повеќе? Си создавате критериуми кои треба да ги достигнат за да ве добијат? Потрудете се тие критериуми да ги задоволувате и вие. Прво вие бидете партнерот кој го посакувате и потоа немојте да се задоволите со ништо помалку од најдоброто. Запомнете, совршена љубов не е кога двајцата се совршени, туку кога се љубат совршено и покрај нивната несовршеност.


BEING SINGLE IS OK
Harry Potter

# ПРИКАЗНА 5

**Прифаќаме комплименти на надворешната страна на уредеот, наместо во него.**

Живееме во период кога се градат и зацврстуваат врски врз база на она што се гледа и чита на социјалните мрежи. Сѐ повеќе парови се запознаваат на интернет, сѐ повеќе луѓе се заљубуваат во нереални претстави на личности рекламирани на социјалните мрежи. Се верува во митот дека доколку се негуваат врски преку интернет, ризикот да се биде изложен на повреди е помал, но траумите кои се доживуваат на социјалните мрежи, создаваат лузни кои како бремиња се носат во текот на целиот живот.

***

Таа беше една од мноштвото девојки која се заљуби во фотографии на интернет. Му пиша на симпатијата. Одлучија да се гледаат преку камера затоа што не живееа во ист град. Изградија некаков однос и иако не беше сѐ како што си замислуваа и двајцата, сепак се надеваа на нешто посериозно.

Сериозноста никогаш не дојде. Наместо да изградат зрел однос, тие сѐ повеќе тонеа во детските чекори кои ги преземаа. Фантазиите се родија, но иницијатива да вложат во нив за да се запознаат повеќе, сретнувајќи се во живо, никогаш немаше. Потајно се надеваа дека камерата лаже и дека она што ќе го видат во живо ќе ги изненади. Но тој момент никогаш не дојде. На моменти спомнуваа какви сѐ нешта ќе прават заедно. Каде ќе шетаат, каква храна ќе јадат. Но како поминуваше времето, се задоволуваа со тоа да си покажуваат преку камера што јадат.

Тој секогаш излегуваше да оди на работа рано во зори бидејќи патуваше долго до своето работно место, но уживаше во помислите дека тоа го прави за нејзе и семејството што ќе го создадат во иднина. Не му беа мачни помислите да вози толку долго зашто знаеше дека кога ќе се врати од работа, после напорниот ден, таа секогаш ќе го чека насмеана дома. И на двајцата им беше важно да градат врска и семејство заедно, еден покрај друг. И да, секое утро пред да замине на работа, ѝ оставаше стикерче на неговата сакана со убави зборови кои ѝ го разубавуваа нејзе денот и им ја освежуваа врската на двајцата.


AGHH!
I hope your day is as wonderful as you

# ПРИКАЗНА 6

Беше повредена. Има две сестри и помал брат. Нормални се слатките кавги меѓу браќата и сестрите во домот, но денес некои граници се преминаа. Таа беше секогаш виновна за сè. Кој и да направеше нешто во домот, најголемата казна ќе ја добиеше она. Укорот се состоеше во цели монолози од нејзините родители, пред кои таа одвај успеваше да дојде до здив за да се одбрани. Да, може имаше вина и таа, но испитот кој го спремаше со месеци, не го положи затоа што сестрите и братот врвеа во соседната соба, иако знаеја колку тешко ѝ е да учи и да полага од дома поради наставата преку интернет. Едноставно немаше никаква концентрација. Гневна поради паднатиот испит, излезе од соба, им се развика со силен глас и нервозно во афект мавна по нив со омилената вазна на мајка ѝ. Се каеше подоцна, многу, но се чувствуваше изневерена - никој не го вреднуваше нејзиниот труд. Се двоумеше дали да го побара дечко ѝ за да прошетаат заедно, но се плашеше.

Тој сигурно ќе ѝ префрлеше многу заради овој неуспех. Уште ја памети последната осмица која ја доби и кога тој ја навреди дека не е доволно паметна штом не може толку лесен предмет да положи со најдобрата оценка. Понекогаш се прашуваше зошто тој ја форсира толку многу. Понекогаш мислеше дека тој ја бара најуспешната девојка, а таа едноставно не е ни приближно успешна колку што очекува и посакува тој.

Сепак, реши да го побара. Го замоли да прошетаат со цел да си ги разбистри мислите со него и да се смири малку од ситуацијата дома за да собере сили за искрено да им се извини. Додека шетаа, почна да си ја излева душата пред него. Тој полуде кога ја слушна целата ситуација. Не знае дали само ѝ се чини, поради афектот во кој беше, но како овојпат да претера со критицизмот. Ја навреди употребувајќи вулгарни зборови и ја обвинуваше и заради неуспехот на факултет и заради „торнадото", како што го нарече тој, што го направила дома со нејзините. Беше запрепастена од сѐ што слушна од него. Како неговите зборови течеа, така протекуваа и нејзините мисли. Загуби фокус од она што тој го зборуваше и гледајќи го во лице како ѝ „соли памет" се праша во каков човек се заљубила. Ова ли е партнерот кој сака да го има?

На ваква ли поддршка сака да наидува кога ќе ѝ е тешко? Денес беше само еден факултет во прашање и кавга што браќа и сестри ја имаат често меѓусебе, но што ќе биде утре? Таа сака нешто друго, а не мисли дека бара премногу. Сака партнер кој ќе ја прегрне кога ќе ѝ е тешко и кој и кога цел свет ќе е против неа, таа ќе се засолни зад неговиот грб зашто тој ќе војува за неа.

По неколку години ја најде прегратката по која копнееше и никогаш повеќе не беше виновна за нешто.



# ПРИКАЗНА 7

*Само шала беше, што се нервираш толку?* – низ смеа, се правдаше тој. Таа се праша дали воопшто тој ја сфаќа сериозноста на проблемот и дали искрено жали за тоа. Молчеше. *Премногу драматизираш. Воопшто не ве разбирам вас женските, па толку да не можеш една шала да сфатиш.* Го погледна со полузатворени очи. Навистина не планираше да си ги троши зборовите на некој кој не разбира. Колкупати треба да му повтори колку ја повредува со шалите на нејзина сметка, и приватно и јавно пред другите, за тој вистински да разбере и да се покае? Да се покае значи да се обиде никогаш повеќе да не ја повредува така, ама досега секогаш сѐ било залудно. Се прашуваше уште колку долго ќе може да ја толерира неговата незрелост? Колку долго ќе минува време со него додека тој е дете во присуство на неговите пријатели? *Ако женските не се способни да разберат од шала, машките способни ли се да разберат колку можат зборовите да бидат сурови, да повредат, ранувајќи те длабоко во душата?* – вдиша со последните сили да му го каже тоа. *Моја најнежна, па не се повредувај до толку, тоа го правам за тебе да сум ти интересен. Знаеш дека ти си ми сѐ.*

Не знаеше, Не веруваше. Сè препишуваше на неговата себичност. Сè што тој сака е да се прави вицкаст пред другарите, да им биде маскота, привлечен, да се смеат на неговите шали и да му препишуваат најдобри атрибути. Но таа е поважна од другарите. Штета што тој не е доволно зрел за да го сфати тоа. Еден ден може ќе се кае, но ќе биде доцна. Еден ден може не ќе се кае, тогаш нека си ужива со другарите. Без неа.

*Мила, размислував многу после синоќа. Заслужуваш големо извини. Може после толку укори, првпат го сфатив тоа, но верувај ми дека се стремам кон таа промена. Ќе се обидам никогаш повеќе да не те задевам, ниту насамо, ниту пред други. Ти не го заслужуваш тоа. Сè што заслужуваш е небесна љубов и највозвишени комплименти. Прекрасна си. Те сакам и прости ми за сите моменти кога сум те повредил. Верувај дека секогаш ќе избирам јас да бидам оној кој страда, а ти да уживаш во животот, кралице моја. Жал ми е што сум големо дете, ти заслужуваш да имаш вистински маж покрај себе. Те сакам.*

*Може денес наместо со друштво да си гледаме филм заедно ти и јас?* – ја праша со најшармантната насмевка што постои на цел свет. Насмевката која ги разлета пеперутките во нејзиниот стомак. Пеперутките кои ѝ го поматија умот. Го бакна и почнаа да разговараат за избор на филм.



# ТВОРБИ ОД ЛЕТНА ШКОЛА

Лесно е да се зборува за љубовта
кога имаш со кого да ја делиш.
Лесно е да се зборува за љубовта
кога си вљубен.
Кога пеперутки ти летаат во стомакот,
кога целата се возбудуваш од неговиот допир.
А неговите очи пак, зеленило рајско,
мир небески, се губиш од неговиот поглед.
Потонуваш од убавината на слободата во неговите длабочини.
Твојата љубов ја опива секојдневно.
Се губи во неговите убавини.
Како е можно нешто толку прекрасно да заслужува некој?
Тој сака секогаш да те љуби како првиот пат,
да те гледа како првиот пат, првиот разговор,
првата воздишка,првата прегратка...
Ахх, таа прегратка, камо да траеше засекогаш.
Тој прв танц, што нè зароби.
Но, дури и целиот свет да нè гледа
повторно и повторно ќе танцувам со тебе.
Затоа што те љубам!

*Нарциса Арсова*



Дојди, свои сме,
ти-жед
јас-глад,
ти- Ромео
јас-Јулија.
Дојди, затоа што те љубам!

Биди ми ѕвезда,
ќе ти бидам месечина.
Биди ми јасно небо по дожд,
ќе ти бидам виножито во твојот хоризонт.

Париз, би ти дала второ име,
Венеција, во тебе ја гледам.
Ти си ми водичот.
Во твоето срце јас се влевам,
ти во моето бран од воздишки правиш.
Затоа што ме љубиш!
Затоа што те љубам!

*Милена Милорадова*



Лука Ѓоргиев

Со тебе, моето срце добива крилја и полетува високо кон облаците на ведрото небо. Ти си мојот воздух, мојот здив. Вистинската љубов победува сѐ. Таа е непоколеблива река која тече и прочистува сѐ за да дојде до својата цел каде да се влее.
Сакам да сум до тебе.
Кога ти е ладно, да те стоплам.
Кога животот е суров, да те прегрнам и да ти дадам надеж.
Кога си тажен, да ти возвратам со насмевка.
Кога има темнина околу тебе, да бидам твоето сонце.
Сакам да бидам твојата прва и последна мисла.
Сакам, секојдневно, да се насладувам на твојата насмевка и љубовта во твоите очи.

Сето ова го сакам затоа што те сакам и љубам.

*Ангела Бреслиева*

Затоа што те сакам,
не ми пречи да бидам трпелива.

Затоа што те сакам,
не ми пречи да бидам наивна.

Затоа што те сакам,
те сонувам на сон.

Затоа што те сакам,
почнав повторно да мечтаам.

Затоа што те сакам,
научив да преболувам.

Затоа што те сакам,
научив да се радувам.

Затоа што те сакам,
Јас сум тоа што сум!

*Ангела Бреслиева*




Милан Михов

Во мене има илјада нови светови,
полни со бои и шарени цveḱиња
кои мирисаат и потсетуваат на тебе.

Да беше вулкан, јас ḱе бев лава,
во скриената ерупција.
Да тонеше, ḱе испливав да те спасев.
Да беше бебе, ḱе те хранев и лулав.

Нешто чудно се случува во мене,
ḱе полудам иод вртежите во главата.
Стапалата мои, пак, танцуваат сами,
а усните, заљубено, се насмевнуваат.

Ти си оној кој ме научи да заборавам сѐ лошо
бидејḱи откако си ти покрај мене,
нема причини за солзи и болки,
туку поради тебе летам во висини недофатни.

*Душица Бреслиева*

Додека го пишувам ова, милион мисли талкаат низ лавиринтот на мојот ум. Ова писмо треба да биде доказ за љубовта што ја чувствувам кон тебе – љубов која искрено е тешко да се искаже со зборови бидејќи е љубов што може само да се почувствува. Ти си причината поради која се будам наутро. Ти си личноста поради која имам насмевка на лицето, дури и во денови кога се чувствувам очајно. Ти си причината поради која можам мирно да заспијам, слатко да сонувам. Како месечина, згаснувам секое утро за да те видам тебе - моето сонце и светлина што ми го осветлува патот. Твојата љубов ми го зарадува животот - ми понуди нови можности што никој друг не би можел да ми ги понуди. Ти си тој што посегна и ми го покажа вистинското значење на чувството да се биде вљубен, да трепериш и да копнееш да потонеш во нечии очи што те опијуваат. Ти си единствениот што ми го земаш здивот. Сите мои воздишки на восхит, нежност и љубов те бараат тебе, Се топам како роса на цвет, те очекувам како цветот дождот, како поет својата муза. Сега кога знам дека ти си тој, сакам да ти ја понудам сета среќа што светот би можел да ја даде. Те сакам и секогаш ќе те сакам.

*Душица Бреслиева*


Милан Михов

Љубов, виолински клуч кој стои на прагот на секој петоред, без кој нема почеток на ниту една нота. Ете, таква е љубовта, без неа нема почеток на среќен живот. Ако љубовта не престојува во нашите души, ние емоционално не битисуваме. Планини се поместуваат и срце се разбрануваат токму за овој добродетел - љубовта. За ова совршено чувство пееме и твориме. И како што кажал Блаже Конески, *Во љубовта и поезијата сѐ е речено, а сепак сѐ треба допрва да се рече,* е токму сѐ она што останува ние да го кажеме за ова доблесно небесно чувство. Љубовта е неисцрпен извор на живот кој не запира и не секнува. Кој пие од неа, не ожеднува никогаш, ниту пак глад чувствува, а кој го потрупува животодавниот вруток зло си чини себеси и на ближните околу него. Затоа, да бидеме внимателни, сочувствителни и претпазливи за секоја љубовна вибрација, независно од каде доаѓа, зашто љубовта е универзален јазик, способни да го говорат срцата човечки. На љубовта да одговориме со љубов, тоа е мојата порака.

*Јована Киров*



Лина Кралвеа

Да се биде човек на овој свет е многу тешко доколку не се поседува најважното чувство – љубовта. Човекот без љубов е исто како месечината која не може без сонцето. Љубовта е како прекрасниот, студен ветер во лето, што кога ќе те дувне, прави да се чувствуваш посвежо и поубаво. Понекогаш љубовта може да биде врела како оган, но понекогаш може да биде и студена како мраз. Тоа отсекогаш зависи од личниот карактер бидејќи ако не се сакаме самите себе како би ја сакале личноста до нас.

*Глорија Арсова*


HEALTHY
ILL
Матеј Киров





Јосив Милорадов

Кога гледам во мене, мислам на тебе. На моментите кога твоите прсти шетаа по мене, на секундите кога твојата уста беше врз мојата. Кога гледам во тебе, мислам на мене. На моментите кога лежев на твоите рамења, на секундите кога ме дигаше во небото, а потоа ме замотуваше околу половината прилепувајќи ме за тебе. Кога гледам во нас, мислам на двајца патници сретнати на станицата „Затоа што те љубам“.

*Мила Михова*

## Слушни ја песната на твоето срце

Слушни...
Додека седиме на плажата
и го гледаме зајдисонцето,
додека одиме покрај брегот,
гледајќи ги ѕвездите.

Слушни...
Додека те гледам тебе,
кога ти ја гледаш месечината,
додека пеам песна за тебе,
а ти не си свесен.

Слушни...
Додека се смееш
на моите зборови,
додека ти постоиш
постои и љубовта.

Слушни...
Додека се плашев
да признаам сѐ,
додека сме заедно,
слушни.

Слушни ја песната на твоето срце
кога си со мене.
Слушни ги неговите отчукувања.
Слушни ги чувствата.

*Мила Кралева*

Мила Кралева



| ГЛЕДАМ | СЛУШАМ | ЧУВСТВУВАМ | МИРИСАМ | ВКУСУВАМ |
|---|---|---|---|---|
| ЕЗЕРО | МУЗИКА/ВЕТРЕ | МИР/СПОКОЈ | МИРИСОТ НА ИСКОСЕСНА ТРЕВА | СЛАДОК ВКУС НА СОКЧЕ |
| БРОТЧЕ | ЗВУК ОД БРОД | РЕЛАКСИРАНОСТ | МИРИСИТЕ КОИ ГИ НОСИ ВЕТРЕТО | |
| ЗЕЛЕНИЛО | ВОЗИЛА | СИГУРНОСТ | | |
| МИНУВАЧИ | ЏАГОР НА ДЕЦА | | | |
| ПЛАНИНИ | | | | |

Едно мирно бротче го разбранува тивкото езеро. Баш така твојот поглед ги разбранува срцевите ми отчукувања. Зеленилото, мирисот на искосена трева потсетува на свежината која за миг ја носиш во моето секојдневие. Јас и ти – случајни минувачи, ти и јас – врвови на две планини. Ама од една на друга се слуша тивка музика. Неколку возила, звук на бродови во далечината, силен детски џагор, а внатре мир и спокој. На миг заборавивме на работните задачи, јас бев кајче кое плови, а ти вкоренета билка која го чекаше сонцето да ја погали со нежните раце. На усните го почувствував вкусот на капките дожд, ама невремето не ми ја реметеше сигурноста. Очите твои ми носеа релаксираност како планина обвиткана во зелен појас. Ветерот брзо го растури пејзажот и нè дувна секој на своја страна, а јас дури подоцна сфатив дека сето ова било затоа што те љубам...

*Ребека Спасова*

Валерија Спасова



*Валерија Спасова*



# АСОЦИЈАЦИИ ЗА ЉУБОВ

- Имаш убави очи
- Се чувствувам најбезбедно во твојата прегратка
- Никогаш нема да се заљубам повторно ако не си ти
- Почит
- Полната месечина ме потсетува на нас
- Љубовта е сонце кое нѐ грее и топли
- Човекот без љубов е исто како билка без сонце
- Гледаме во иста месечина, мислејќи еден на друг
- Во мене има илјада нови светови само поради твојата љубов
- Do you believe in love at first sight? Or do I have to walk by again?
- Разбирање
- Кога едниот ќе падне, другиот нека го подигне
- Искреност
- Сѐ што треба да се случи, ќе се случи!
- Мотивација
- Ми недостасуваш

Ќе ги извадам
модрите бисери од нежниот врат,
модрите обетки од ушните школки,
модрите алки кои треперат
на моиве рачни зглобови
и ќе му ги продадам на светов.

Модрата сенка над очните капаци,
модрото руменило врз образите за бакнување,
модриот кармин на невините усни
не ќе ги покријам со лажна пудра никогаш повеќе.

Модрите твои отпечатоци,
врежани жигови врз моево кревко тело,
ќе ги изложам, издигајќи ги ко споменик
зашто тие се моја сила, а твој срам.

(Посветено на жени – жртви на насилство)

*Матеја Богдан*

## Мислев дека е љубов

Мислев дека е љубов. И тогаш кога галејќи ме по коса, прамените ќе ги завиткаше околу неговиот рачен зглоб. И ќе тегнеше. И тогаш кога прашината ја собираше со мојата облека. Кога телото ми го триеше од подот. Кога ме бакнуваше со шлаканици, кога ме масираше со удари. Го сакав колку што е способна да сака една петнаесет годишна девојка. Средношколка, тинејџерка. Сакав да го сакам за да биде сакан. Сакав да му ја шепотам љубовта од која бил лишен во детството. Со секој мој поглед се трудев да му ја покажам светлината на крајот од тунелот. Со секој мој збор, мислев дека ќе опишам што има зад портите од гетото во коешто тој живееше. Сакав во мене сиромаштијата да ја претопи во богатство, студенилото во топлина. Сакав да му бидам поддршка и доверба. Да му бидам љубов.

Првиот удар го препишав на болот. Вториот на повредата. Третиот на гневот. Четвртиот на нервозата. Петтиот на алкохолот. За множеството удари го обвинував татко му, оној кој го напуштил во детството. Јас велев не сакам да го напуштам, ниту да го оставам. Не сакав да го повредам како татко му. Си велев така, дур не сфатив. Додека не сфатив дека тоа не е моја должност. Не сум должна да бидам малтретирана физички, убивана психички. Не заслужувам некој да ми посакува: на здравје макијато, доколку не го пие со мене, туку го мириса од позади грмушката или од спротивата на улицата, демнејќи ме, не знам од каде. И јас имам семејство, имам пријатели. Имам соништа, амбиции. Имам срце полно со љубов, подготвено за жртва. Но срцето не си ја издржува улогата да биде волна во шепите на еден мачор. Срцето мое, не издржува да биде плен на лута хиена.

*Леле, колку ме само сака*! Се чудев во моментите кога како шаховски фигури ги отстрануваше пријателите од мојот живот. *Едноставно тој сака да биде мојот најдобар пријател, зошто да не му ја дадам таа шанса?* Се восхитував и кога не сакаше да поминувам време со роднините, најблиското семејство затоа што тој сака јас да сум негово семејство. *Зар да го разочарам како татко му? Зар јас да го направам тоа што татко му ѝ го направил на неговата мајка? Неговата роза, неговата скапоценост. Неговата ранлива страна. Никогаш.*

Но постепено нешто се будеше во мене. Еден глас ми велеше не е љубов, опсесија е. Почнав да го слушам. Заканите дека никогаш нема да се ослободам од неговите лисици, полека бледееја. Знаев, не сум сама. Иако тој сакаше да ги елиминира од мојот живот луѓето кои се моја поддршка и доверба, моја љубов, она што сакав да му бидам јас нему, тој не успеа. Јас не бев сама. Ја изгуби партијата шах. Му ја одземаа кралицата. Така насила како што тој ја беше одзел три години претходно. Не бев сама. Имав организации кои се бореа за мојата слобода, пријатели кои ме гушкаат, наместо осудуваат. Семејство кое ме чува како зеница во нивното око. Бог кој ме чува како избрана Негова ќерка, уникатно создадена. Кога конечно излегов од тригодишниот затвор, пак се сретнав со *никогаш нема да те напуштам, ниту да те оставам*, но овојпат гласот ми беше упатен мене. Овојпат гласот доаѓаше од небесата.

Сведоштво на девојка,
жртва на насилство од партнерот во интимна врска,
нашата муза за овогодинешниот проект

насловен како „Затоа што те љубам"

*Матеја Богдан*

Затоа што љубовта се крие
во мотивот насмевка да нацрташ
на лице чија душа страда од бол,
во понудената прегратка
на тела кои не знаат за тој збор.
Во желбата да го споделиш
последниот ред чоколада,
во дополнителниот километар изоден
за да не ја оставиш саканата личност сама.

*Матеја Богдан*

# ПРИКАЗНИ ЗА ПРОМЕНА

## Затоа што те љубам

Во рамките на проектот „Затоа што те љубам", кој го спроведе невладината организација ЕХО од Штип, беше организирана четиридневна летна школа во Охрид од 9 до 12 јули на која учествуваа тинејџери и млади.

Името на проектот и темата која ќе биде презентирана поттикна поголемо учество. Бројот на учесниците сѐ повеќе се зголемуваше.

Ги броев деновите до почетокот на летната школа и чекањето се исплати. Се подготвив. Бев спремна за едукација и дружба.

Првиот ден започна со патување на релација Штип – Охрид. Топло бевме пречекани во хотелот. Ги добивме нашите соби и се сместивме. Расположението на денот нѐ однесе на плажа. Сонце, езеро, трева и започна нашето запознавање. Нашите идеи за тоа како го замислуваме најубавото чувство – љубовта, ги пренесовме на хартија. Ги преточивме во зборови, реченици и цртежи. Разбрав дека секој одговор беше точен затоа што секој ја разбира љубовта така како што срцето ја доловува. Денот заврши со прекрасни поминати дружења и запознавања со учесниците.

Вториот ден го започнавме со дискусиите на плажата. Секој го кажува своето размислување. Уживав во зборувањето слободно, како и во слушањето на другите. Нови и нови мисли од секој од нас само се напластуваа во една одлична дискусија. Продолживме со вежби, здраво тело и здрав дух. Попладнето го поминавме на нашето збирно место во хотелот, пишувајќи и цртајќи на темата. Некој ги нацрта своите чувства, а некој ги напиша. Бевме доволно успешни и среќни во исполнувањето на задачата. Денот го завршивме гледајќи го зајдисонцето додека патувавме низ водите на Охридското Езеро.

Третиот ден пак го исполнивме на плажа со дискусии, како и со вежби. Интересни беа игрите во кои ја покажавме нашата тимска сила. Секогаш постигнуваме многу подобри резултати заедно со другите. Креативно го исполнивме и остатокот од денот. Ги раскажавме нашите идеи за приказни според дадени слики. Научив дека и цртежите знаат да зборуваат, а особено гласно зборуваат кога станува збор за токсични и нездрави врски. Со тоа завршивме и уште еден квалитетен и креативен ден.

Дојде и последниот ден, толку бргу, како само да пристигнавме. Нашите учествувања во летната школа беа крунисани со сертификати, круна на главата за сѐ што научивме.

Да, и тоа како, научив многу! Молчењето е самоуништување. Насилството во љубовна врска е уништување и на двајцата. Контролирање, изневерување, малтретирање, забранување, недоверба, искористување... До кога? Уништување и кршење на личноста со која сме поради љубов. Не, тоа не е љубов! Далеку од таму. Тоа е еден страшен поим – насилство. Оддалечи се! Таа личност не е вистинска. Ќе дојде, верувај, постои таа вистинска личност. Некој кој во твоите очи ќе го гледа неговото срце, некој кој ќе создаде пеперутки и секогаш кога и да го видеш тие ќе летаат. Некој кој ќе ти верува, кој ќе те почитува, охрабрува, разбира и, најважно, ќе те сака.

Заминав од летната школа како силен борец против насилството и како поддржувач на оние вистински чувства. Оние кои срцето ги разбира, а умот не. И да, секој треба да ја добие љубовта која ја дава. Ние сме суштества кои сакаат, а и бараат да бидат сакани. Тоа е темелот на нашето живеење. Темелот врз кој постои и се гради сѐ – љубовта.

Сите заминавме дома доволно образовани и спремни да го шириме и практикуваме наученото!

Затоа што те љубам

ти подарувам дел од моето срце,

бидејќи твојот дел го пронајдов во моето!

Ние, луѓето сме како сложувалки. Не секој дел од сложувалката се совпаѓа, па затоа ако се совпадне, личноста е вистинска!

Моментите завршуваат,

спомените остануваат!

*Мила Кралева*

# Капка по капка – цело езеро ЉУБОВ

„Затоа што те љубам“ беше насловот на проектот кој ме привлече да бидам дел од четиридневните работилници во Охрид. На брегот од Езерото, удобно сместени, дискутиравме за тинејџерските, но и младински актуелности. Летната школа се одржа од 9 до 12 јули, а секој ден во тој период ми беше ново парче од сложувалката на животното искуство.

Пред да дојдам овде присуствував на настан со психолог, кој исто така го организираше НВО ЕХО, на истава тема, а кој во мене разбуди многу размислувања. Тоа, сигурно, беше една од причините поради која ја прифатив поканата да допатувам во Охрид заедно со целиот тим.

Овде дискусиите, креативните пишувања, уникатните цртежи на учесниците ми помогнаа да размислувам, да се спознавам самата себеси, но и да набљудувам како размислуваат другите. Негодувањата и недоразбирањата ми покажаа колку сите сме различни, а со тоа и уникатно создадени. Согласувањето или промената на мислењето кога некој ќе даде аргумент за спротивното тврдење, пак, ми го потврди фактот дека секој може да згреши оти не сме совршени.

Активностите беа прилагодени на различните возрасти на учесниците и сметам дека успеавме да најдеме заедничка точка за која ги изложивме нашите ставови, а која, пред сè, беше базирана на љубов.

Оваа летна школа реализирана покрај мирните езерски бранови, топлите сончеви зраци и погледот во далечина, кој ни го носи убавините на градот и пространиот планински појас, ме принуди да застанам за миг и ми го разбуричка креативното сетило. Разговорите со другите, пак, ми ги ослободија љубовните чувства, но и ме поттикнаа да одлучам и да си ветам дека ќе бидам крајно претпазлива.

Верувам дека за овие четири дена секој од нас можеше барем нешто да прифати, сфати, за друго да размислува, а трето, пак, да пренесе на другите како позитивна практика. Се надевам оти нема еден од нас кој си оди без барем трошка позитива и без најмалку грам знаење.

Сигурна сум дека сфативме оти е важно да се љуби...

*Ребека Спасова*

# Промена

Едукативно-хуманитарна организација – ЕХО годинава организираше проект на тема „Затоа што те љубам“, кој се спроведе со цел да се едуцираат младите како правилно да стапуваат и градат здрави врски. Дел од активностите на проектот беше и летната школа во Охрид во периодот од 9-12 јули 2023 година.

Во текот на првиот ден, младите учесници имаа можност да се запознаат меѓусебно, каде што тоа се изведе во вид на интересни „мразо-кршачки“ игри кои им придонесоа на младите учесници побрзо здружување и вклопување во една целосна екипа. По завршените игри се спроведе и првата вежба која се одвиваше во вид на асоцијации во врска со љубовта и што претставува љубовта за секој поединечно, која беше вовед и во самиот проект на летната школа.

Во текот на вториот ден, одговорните за изработка на овој проект беа подготвиле извадоци во врска со љубовта кои ги поттикнаа младите да размислуваат на оваа тема. Сите учесници ги искажуваа своите ставови и мислења, така што нивниот интерест за темата се зголеми. Истовремено се водеа дебати за донесување на правилните заклучоци и ставови. Оваа групна работа ги мотивираше младите да креираат и создаваат прозни творби и поезја, како и цртежи и други ликовни дела.

Во текот на третиот ден, третата вежба се спроведе во вид на кратки и клучни фрази за љубовта, кои повторно ги потикна младите да дебатираат на оваа тема. Како што се водеше дебатата, сè повеќе младите ги променуваа своите претходни мислења и ставови во врска со љубовта и стапувањето во врските, како и препознавањето на токсичните однесувања и токсичните врски.

Оваа летна школа им придонесе многу на младите во врска со љубовта и како да се справуваат и стапуваат во интимни врски. Нешто што им остана како впечаток и заклучок на младите во стапувањето во врски е тоа дека како клучен фактор за одржувањето на една здрава врска е комуникацијата. Исто така, и знаењето со кои го добија и за самата љубов и за препознавањето на токсичните врски им беше од голема полза.

Самиот тим кој го организираше овој летен камп ја постигна целта на проектот „Затоа што те љубам“. Младите ги едуцираа со основните значења на љубовта и стапувањето во врски, каде и ги поттикнаа да креираат и создаваат прози и поезии, како и ликовни дела за самата љубов.

*Нарциса Арсова*

# Преку забава до едукација

Невладината органзација „ЕХО" - Штип во период од четири дена (9 - 12 август), во Охрид, ни го истресира патот по кој ќе зачекориме во иднина, успеа да ни ги заори дилемите што ни се родија во текот на активностите на проектот именуван како „Затоа што те љубам".

Моите очекувања го преминаа прагот на реалноста. Сончевите зраци прелиени во синиот спектар беа стимул дебатата, распознавање на токсични врски, да се разбранува во сечија душа, а дополнителните игри и активности ни го задржуваа дополнително вниманието, другарувањето - го крунисa крајот.

Овој камп во мене вмрежи пред сѐ ново искуство, знаење и, што е најважно, спомени кои ќе тлеат длабоко во мене. Се надевам дека ќе ги следам патоказите во иднина, наученото ќе го применувам во пракса и ќе ја направам најдобрата верзија од себе. Благодарение на ваквите предавања забораваме на сѐ, потонуваме во сегашноста и ги учиме најважните животни лекции. Најважното го дефиниравме, дека љубовта кон себе не е себичност, туку потреба.

Овој камп беше зачинет со многу љубов, радости, учење и другарување.

*Милена Милорадова*

# БЛАГОДАРНОСТ

До Екуменска иницијатива на жени од Република Хрватска, кои нè поддржаа финансиски и ни помогнаа идеите да ни прераснат во акција, да спроведеме проект кој инспиративно ќе менува срца и ставови со цел градење здрави врски на младите.

До Теодора Ѓорѓиева, која со својот дар за цртање ги украси страницине на книгата со прекрасни илустрации.

До младите учесници на летната школа кои своите мисли и разбирања за љубовта и интимните врски ги споделија со ЕХО, своите таленти ги претставија на хартија, своето време и енергија ги вложија за да запливаат во ново знаење, да полетаат кон нови височини, да откријат нови перспективи.

Без вас, наши најмили волонтери, проектов немаше да блеска волку силно:
*Јована Киров, Матеј Киров, Ангела Бреслиева, Душица Бреслиева, Милан Михов, Мила Михова, Лука Ѓоргиев, Јосив Милорадов, Мила Кралева, Лина Кралева, Глорија Арсова, Нарциса Арсова, Ребека Спасова, Валерија Спасова, Милена Милорадова*

До Хотел „Су“ – Охрид и печатница „Лонгуров“ – Штип, нашите драги партнери и поддржувачи на нашата мисија.

До тимот на ЕХО, за целокупната организација околу проектов, вложеноста, споделените искуства и знаења, поддршка и мотивација.

*Матеја Богдан, Викторија Милорадова, Јулиа Давкова, Бети Пејева, Благица Киров, Христина Начева, Елена Лазарева.*

Благодарност до вас, наши читатели, кои ни ги оживувате страниците што ги чувате во вашите раце.

„Екуменска иницијатива на жени (ЕИЖ) е хрватска непрофитна организација која преку својата програма за финансиска поддршка поддржува проекти и развој на основни организации водени од жени и теолози во Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија. ЕИЖ е посветена на зајакнување на улогата на жените во зајакнувањето на граѓанскиот и меѓурелигискиот дијалог и потенцијалот на религијата како позитивен фактор во општествените промени преку градење мир и помирување. Со оглед на неговиот регионален профил, ЕИЖ им дава можност на активистите од својата мрежа да се сретнат и да споделат искуства со цел да се зголеми видливоста на нивната работа и поголем пристап до ресурсите.“



ЕХО

ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

Ekumenska inicijativa žena